# ДВЕГОДИШНО ДЕТЕ ПОГОДЕНО СО КУРШУМ ВО ГЛАВАТА, СОСТОЈБАТА МУ Е КРИТИЧНА

**Vecer** | 01.01.2026



Двегодишно дете со непознати лични податоци ноќеска е примено на Клиниката за интензивна нега со тешка прострелна повреда на главата од огнено оружје, информираше денеска д-р Игор Мерџановски, директор на Клиниката за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и Ургентен центар (ТОАРИЛУЦ).

Детето е во животозагрозувачка состојба. Мерџановски немаше информации за околностите во кои е застрелано детето и упати тие информации медиумите да ги побараат од полицијата.

Бурна новогодишна ноќ имале и хируршките клиники, каде биле згрижени голем број пациенти со различни повреди.

Во текот на ноќта се примени пациенти кои се повредени во 3 сообраќајни несреќи. Повеќе пациенти со лесни телесни повреди се прегледани и пуштени на домашно лекување, а 17-годишна девојка од Тетово е примена со тешка телесна повреда и врз неа е извршена хируршка интервенција.

Во Скопје немало тешки сообраќајни несреќи.

Наша цел е да бидеме НАЈДОБРИ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН, оставаме ЕУ да...
СО НОЖ УБИЕН ТУРСКИ ДРЖАВЈАНИН (22) ВО СТАРА ЧАРШИЈА

– Регистрирани се и тројца политрауматизирани пациенти по пад од висина. Меѓу нив е и 30-годишен маж, пронајден паднат во реонот на Буњаковец, кој е во животозагрозувачка состојба. Кај него е извршена операција на ’рбетниот столб и моментално се наоѓа на Клиниката за интензивно лекување. На Неврохирургија е примен и 16-годишен пациент од Штип, исто така по пад од висина – рече д-р Мерџановски.

Во текот на ноќта се евидентирани и 8 случаи на физички напади. Шест пациенти со телесни повреди се пуштени на домашно лекување, меѓи кои и едно лице со површна повреда од нож.

Регистрирана е и прострелна повреда во пределот на лактниот зглоб кај пациент од Скопје, а настанот се случил во Прилеп.

Голем број повреди се поврзани и со употреба на пиротехнички средства. Вкупно 20 пациенти биле примени, дел на Клиниката за пластична хирургија, а две деца на возраст од 12 и 13 години се згрижени на Детска хирургија, каде е планирано оперативно лекување. На Клиниката за трауматологија е примен и 69-годишен пациент со повреди на левата подлактица и шака од пиротехника, додека 3 лица со полесни повреди ќе бидат пуштени на домашно лекување.

Лекарите изјавија и дека бројот на повредени за време на новогодишната ноќ е значително зголемен во споредба со претходните години.

*© Vecer.mk, правата за текстот се на редакцијата*

Ѓорѓиевски го посети првороденото бебе: Добредојде, Евгенија
Сопругата на премиерот, Рози Мицкоска го посети првороденото бебе...

PROMOTED CONTENT
Болката во колената ќе исчезне ако го правите ова секое утро
BoneControl
Болките во зглобовите и грбот ќе исчезнат преку ноќ!
Nautubone
Една капка го елиминира дијабетесот засекогаш!
Diatea
Уролозите во шок! Го убива простатитисот за 2 ноќи!
Prostamid




PROMOTED CONTENT
Болката во колената ќе исчезне ако го правите ова секое утро
BoneControl
Ако откриете папиломи на вашето тело, веднаш направете го ова
Parazol
Една капка го елиминира дијабетесот засекогаш!
Diatea
Болките во зглобовите и грбот ќе исчезнат преку ноќ!
Nautubone












2004-2026 © Вечер, сите права задржани
Сите содржини и објави на vecer.mk се авторско право на редакцијата. Делумно или целосно преземање не е дозволено.
Develop & Design MAKSMEDIA LTD Skopje Copyright © 2004-2026. Vecer.mk